Подготвил:
Александар КЕЛТАНОСКИ

## ДИЈАМАНТСКИ USB СТИК



52 грама бело злато и 470 дијаманти се главните карактеристики на едно USB, кое го промовираше италијанскиот дизајнер Roberto Coin. Тој одговори на барањата на фешн бизнис жените и го направи ова скапоцено парче мемориски стик со капацитет од 1 гигабајт.

Цената може да ја претпоставите! Околу 15.000 евра! Roberto Coin не е прв кој направил скапоцен фешн USB стик. Пред него тоа го направиле и луксузните модни брендови Cartier и S. T. Dupont.

## SONY ERICSSON K850 CYBER-SHOT



"Sony Ericsson" ги израдува љубителите на нивните телефони со објавата на новиот Sony Ericsson K850 Cyber-shot. Ова е телефон со камера од 5 мегапиксели, со квалитет на фотографиите како кај дигиталните апарати. Усовршената камера со автоматски фокус и ксенон блиц ги дополнува своите можности благодарение на BestPic, Photo fix и PictBridge технологиите. Освен одличната камера, Sony Ericsson K850 може да се пофали и со 2,2 инчен QVGA 262K TFT дисплеј; 40 MB вградена меморија и слот за M2 картичка (512 MB картичка која доаѓа фабрички); FM радио; Bluetooh 2,0; USB порт. Sony Ericsson K850 треба да биде лансиран на пазарот со почетокот на четвртиот квартал од годинава.



